# НОВО срце

Неделен Христијански Интернет Билтен бр. 108, Дата: 28. 11. 2011.

## Како знаеме дека некој е христијанин ?

Пред некое време на интернет беше објавена една шеговита, но (во голема мера) вистинита статија, под наслов „Знаеш дека си македонец ако...“. Во неа се набројани поведенија и размислувања кои се типични за македонците. Еве како изгледа статијата:




***Знаеш дека си македонец ако....***

- Комшиите ти доаѓаат преку цел ден на кафе, непоканети.
- Доцниш саат-два на забава и мислиш дека тоа е нормално.
- Цел стан ти е прекриен со черги. Паркетот не се гледа никаде.
- Секогаш мора да има влечки во купатилото.
- Дома имате модерна кујна, но мајка ти готви во подрум, на шпоретот од старата куќа.
- На масата имаш пластична мушама, а телевизорот ти е прекриен со плетена покривка.
- Ѓубрето го фрлаш во кесите од кај пиљарот, а дворот си го „уредил“ со домати и пиперки.
- Наместо молитва, секое утро си гледаш на шољата од кафе, или на хороскоп.
- Мајка ти те кара да не седиш на цементот или да не стоиш на промаја, да не се разболиш.
- Кога треба да патуваш, мајка ти ќе ти наполни цела торба со храна, за да имаш за по пат.
- Нормално е на свадба да имаш покането по 400-500 луѓе.
- Сите твои деца имаат прекари, кои немаат врска со нивните вистински имиња.
- Дури и ако си девојка, родителите те викаат „сине“.
- Божик го прославуваш две седмици покасно од сите други во светот.
- Нова година ја прославуваш два пати: еднаш нова, а втор пат, „старата“нова година.

Ако си македонец, сега сигурно климаш со глава и се смееш на сето ова.

Ако по овие нешта не те препознаат дека си македонец, тогаш сигурно има и поведенија кои те дефинираат како христијанин. **Како знаеме дали некој е христијанин или не?** Кои се надворешните, видливи знаци кои би ја потврдиле твојата вера? Постојат повеќе такви карактеристики, а апостол Јован наведува неколку од нив, во своето прво послание:

- **Живеење според принципите и заповедите, објавени во Божјиот Збор-Библијата**

*„По што ќе се знае дека сме Божји луѓе (христијани)? По тоа што ќе се придржуваме до Неговите заповеди. Оној што тврди дека е Божји човек (христијанин), треба да го следи примерот на Исус“. (2:3-6)*

- **Блиско заедништво со Бог, живеејќи свет живот**

*„Ако кажеме дека општиме со Бог, а живееме во темнина, лажеме и не се придржуваме до вистината“ (1 Јованово1:6)*



- **Праведен живот, отфрлајќи го гревот**

*„Тој што е преродено Божјо чедо нема да продолжи да греши, бидејќи Божјото семе е во него. Постои јасна разлика помеѓу Божјите чеда и децата на Ѓаволот: секој што не постапува праведно, и што не ги сака другите христијани, не е Божјо чедо.“ (3:10).*

- **Вера во Исус Христос, како Божји Син и Спасител**

*„Секој што верува дека Исус е Месијата (Спасителот), е преродено Божјо чедо“ (5:1).*

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**